ЛЕВИЦА

ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ
2025

# НАРОДОТ СЕГА!

## ИЗБОРНА ПРОГРАМА ЗА КИЧЕВО

6

ЛЕВИЦА

ЗА КИЧЕВО

6

# КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ

- Гасификација на индустријата и домаќинствата со изградба на градска гасоводна мрежа.
- „Кичево соларен град“ - модернизација на електродистрибутивната мрежа за потребата на граѓаните за поставување на индивидуални соларни панели
- Изградба на катни гаражи на повеќе локации.
- Изградба на дневен центар за лица со интелектуална попреченост над 18 години.
- Изградба на сала од затворен тип за школото Кузман Јосифоски Питу.
- Реновирање на градскиот пазар и покривање на истиот.
- Реновирање на базенот во домот на АРМ и поставување инфраструктура за истиот да може да се направи од затворен тип со тек на времето.

# I. ДИРЕКТНА ДЕМОКРАТИЈА И ЛОКАЛНО САМОУПРАВУВАЊЕ

## 1. Демократизација на локалната самоуправа

- Заложба општината да се вложи во иницирање јавна дебата за законски измени со кои: (а) бројот на мандати на градоначалниците ќе се ограничи на максимум два; (б) ќе се ослободат инструментите на непосредната демократија во локалната самоуправа и ќе се намалат цензусите за свикување референдуми, народни иницијативи, собири на граѓани.
- Почесто организирање локални референдуми, иницијативи и граѓански собири, како алатка за планирање на развојот на општината
- Функционална мрежа на урбани заедници, како систем за граѓанска партиципација и враќање на месните заедници, како облик на непосредно територијално самоорганизирање и актуелизирање на проблеми од соседството.

## 2. Инклузивност на граѓаните во процесот на креирање политики

- Отворен ден за граѓански идеи.
- Отворени денови на градоначалникот и советниците.
- Формирање совет на претседатели на месни заедници.
- Отворени и функционални телефонски линии за поплаки и пофалби од граѓаните за локалните институции и нивната работа.

## 3. Транспарентност во работата на општината

- Двосменско работење на шалтерите со цел поголема достапност на граѓаните.
- Јавно достапни материјали за работа на седниците вклучително предлог

# I. ДИРЕКТНА ДЕМОКРАТИЈА И ЛОКАЛНО САМОУПРАВУВАЊЕ

програмите, записниците и предлог буџетите.

- Пренос во живо (лајв-стрим) на седниците на советот на општината.
- Воведување на проектот „Е-општина“.

### 4. Локална власт во заштита на работничките права

- Департизација на работните места во општинската администрација и враќање на критериумите на стручност, компетентност и професионални квалификации
- Бирање на најквалитетните пријавени кандидати на конкурсите за вработување.
- Елиминација на непотизмот и партиските вработувања.
- Почитување на работничките права на вработените во институциите под надлежност на локалната самоуправа.
- Непречено и слободно синдикално организирање во јавната администрација на локално ниво.
- Флексибилно работно време за самохрани родители во општински институции.
- Ослободување од комуналии за градба на семејства кои немаат траен дом.

### 5. Намалени хонорари на локалните функционери

- Намалување на паушалите на членовите на управните и надзорните одбори во јавните комунални претпријатија.

# II. ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ И ИНФРАСТРУКТУРА

### 1. Плански проактивни општини

- Забрана за издавање под концесии на јавни објекти изградени по пат на самопридонес или со средства од јавните фондови.
- Формирање на општинско јавно претпријатие за извршување градежни работи вклучително и рушење на бесправно изградени објекти.
- Таргетирана и стратешка изградба на јавни згради со средства на општината (социјални станови, старски домови).
- Забрана за отварање на казина и кладилници во централното градско подрачје, посебно во близина на училишта, односно дислоцирање на постоечките надвор од централното градско подрачје.

### 2. Квартален отчет за приходите и расходите на општинскиот буџет

- Подобрување на транспарентноста и овозможување јавен увид во трошењето на избраните и именувани лица.
- Редовно сервисирање и намалување на долговите на општината како правно лице.

# II. ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ И ИНФРАСТРУКТУРА

- Ревизија на сите склучени договори за јавни набавки од страна на општината и јавните претпријатија.

## 3. Зголемување на општествената одговорност на кичевските компании

- Стимулирање на стипендирања од страна на приватните фирми на ученици и студенти.
- Поттикнување на бизнис секторот за донации за социјални и општокорисни намени.

## 4. Поддршка на развојот на занаетчиите и малите семејни бизниси

- Планирање буџетски средства за поддршка на микро и мали претпријатија.
- Креирање стратешки развојни документи за ЛЕР (Локален економски развој) и ЛЕАП (Локален економски акционен план) со уважување на компаративните предности на Кичево како некогашен индустриски град.
- Помош и промоција на грнчарството како занает во изумирање (проект за развој на с.Вранештица).

## 5. Помош на локалното земјоделство и сточарство

- Планско овозможување бесплатни консултации на земјоделците со агрономи, ветеринари и други стручни лица.
- Возобновување и проширување на мрежата за наводнување на земјоделско обработливо земјиште во кичевскиот регион.
- Основање на земјоделско-сточарска задруга.
- Обезбедување на локален пласман за земјоделски и сточарски призводи преку обезбедување на заеднички продажни пунктови на неколку градски локации и во градскиот пазар.
- Давање под закуп на определено време на земјоделско земјиште на лица заинтересирани да инвестираат во земјоделски култури и сточарство.
- Програма за поддршка на органското земјоделство.
- Обуки за осовременување на земјоделието и сточарството организирани од локалните експерти и локална самоуправа.
- Промоција на сопствени производи преку организирање на манифестации, саеми и базари во текот на летниот и есенскиот период.

## 6. Обезбедување на потребната логистика во индустриските зони

- Воведување на концептот на Е-локална самоуправа и транспарентен систем на жалби од начинот на пружање на комуналните услуги.

# III. УРБАНИЗАМ И СООБРАЌАЈ

## 1. Системска борба против урбаната мафија

- Застанување на патот на локалните моќници во манипулациите со градежното неизградено земјиште.
- Ревизија на сите спорни ДУП-ови и ГУП-ови од последните 20 години.
- Изработка на ДУП-ови и ГУП-ови за руралните средини.
- Ангажирање на фирма за извршување или формирање на тело во склоп на ЈП Комуналец за итно рушење на бесправно изградени објекти за кои има донесено одлука.
- Строги и поригорозни казни за непочитување на законот за урбанизам и бесправно градење.
- Комплетна проверка на моменталната состојба според зададените дозволи за градба за завршени и објекти во градба во градското подрачје со цел точни информации за моменталната состојба.
- Задолжителна проверка за статика и сеизмологија од Институт за сеизмологија на сите градби изградени од 2010 година до денес. Доколку се заклучи дека некоја од истите не ги исполнува условите истата да биде забранета за користење.
- Забрана за продажба на државно/општинско земјиште.
- Експропријација на објектите во заштитените области и објекти кои се од општествено значење.

## 2. Планско градење

- Рамономерен инфраструктурен развој со цел да нема избегнување на инвестиции во помалку развиените средини од општината.
- Стимулирање на изградба на модерни и еколошки одржливи станбени комплекси.
- Задолжително зазеленување на просторот околу зградите со зелена површина и високостеблести садници од страна на инвеститорот.
- Презентации и јавни расправи за Деталните и Генералните урбанистички планови да се одржуваат надвор од работното време.
- Изградба на државни или општински станови за домување.
- Планско поставување на инфраструктура пред реновирање на улици и булевари со поволности за плаќање на комуналии за идни објекти пред реновирањето на улиците/булеварите и пенали доколку има барање за поврзување на инфраструктурата во рок од 3 години после реновирањето.

## 3. Пешачки зони

- Санација и реновирање на градските зони за пешачење како и додавање на слеани рабници на пешачки премини каде што нема.
- Зголемување на пешачките зони забранети за друг сообраќај.
- Уредување на рекреативни патеки на повеќе локации.
- Создавање пешачки зони во руралните средини.
- Продолжување, преуредување и санирање на пешачките зони кои се долж магистралните патишта во околината на градското подрачје.
- Обнова на старата мрежа за улично осветлување.

# III. УРБАНИЗАМ И СООБРАЌАЈ

## 4. Урбан велосипедизам

- Стартување на проектот „Кичево – вело град“.
- Поставување на инфраструктура и бележење на велосипедски патеки во поголем дел од градот.
- Изградба на паркинзи за велосипеди пред јавните институции и приватните објекти како и поставување на инфраструктура за безбедно паркирање на велосипеди на повеќе локации во централното градско подрачје.
- Поставување и тековно одржување на велосипедска инфраструктура (вело-ленти, слеани рабници, поставување столпчиња, вертикална и хоризонтална сигнализација и отстранување на физичките пречки за непрекинато возење велосипед).
- Поврзување на приградските населби и поблиски села со велосипедска патека.
- Зголемување на нивото на сообраќајната култура за рамноправен третман на велосипедистите како учесници во сообраќајот.
- Подигнување на јавната свест за придобивките од секојдневното користење велосипед како превозно средство.
- Креирање на оф-роад патеки за велосипеди на постојните патеки на околните планини со можност истите да поврзуваат населени места и села од околината.

## 5. Улици и патишта

- Реновирање, проширување или санација на постојната патна инфраструктура до и во селата во кичевскиот регион.
- Безбеден сообраќај за подобро поврзување на секој дел од општината.
- Комплетно реновирање на асфалтните патишта и улици во селата Другово, Раштански Пат, Иванидол и Србјани.
- Предлог за изградба на патна инфраструктура кон Јаорец и Патеец, села кои до сега никогаш не добиле асфалтни патишта.
- Редовно сервисирање на дефектите на јавното осветлување, проширување на мрежата на јавно осветлување во градот и руралните средини и поставување на штедливи сијалици за енергетска ефикасност.
- Поставување на безбедносни камери – „Сигурен и безбеден град“

## 6. Јавен превоз

- Воведување јавен превоз за поврзување на приградските населби со централното подрачје како и поврзување на околните села со градското подрачје.
- Поставување на модерни автобуски постојки во и вон градската средина.
- Бесплатен јавен превоз за сите ученици, студенти и пензионери.

## 7. Градски паркинг

- Основање на јавно претпријатие за паркинг.
- Ведување наплата за паркинг во централното градско подрачје.
- Изградба на катни гаража (цврста градба или монтажни) на минимум две локации во градот - Центар, Ламели, Јанчица или Завод за вработување.

# III. УРБАНИЗАМ И СООБРАЌАЈ

- Воведување на Пајак - служба.
- Отстранување на хаварисани возила од градските улици и пешачките зони.
- Бележење на паркинг простор на улиците каде има поголем број на често паркирани возила од соседните куќи во населбата.
- Намалување на возила паркирани на споредните улички со воведување платен паркинг за овие возила со што ќе се поттикнат сопствениците да ги користат сопствените гаражи и дворови.
- Развивање на мобилна апликација за полесно наоѓање на слободен паркинг простор.

# IV. КОМУНАЛНА ГРИЖА И ЈАВНИ УСЛУГИ

## 1. Водовод

- Чиста вода за пиење во секое село и секоја населба (помош во изградбата на водостопански објекти, прочистителни и препумпни станици во секое населено место, со можност за приклучок кон градскиот водовод).
- Реновирање и редовно одржување на водоснабдителните мрежи наменети за наводнување за земјодесли потреби.

## 2. Канализација

- Довршување, реновирање и проширување на комуналната мрежа во с.Другово како и новата населба во близина на с.Другово.
- Поставување на нов крак канализациска мрежа од реон Млин и Горица.
- Поставување на канализациска мрежа во околните села каде има постојани жители.
- Надзор над прочистувањето на отпадните води кои се влеваат во потоците и реките.
- Редовно чистење на каналите и речните корита од отпад и поставување на мрежи за собирање на цврст отпад.
- Изградба на сеопфатна атмосферска канализација за собирање на дождовницата од Кичево и регионот.

## 3. Погребални услуги

- Воведување на 24 часовна стражарска служба на јавните градски гробишта.
- Редовно одржување на пристапните патеки до гробните места.

## 4. Јавна чистота

- Дислокација на постојната постројка за одлагање на отпад позади старата зграда на Ј.П. Комуналец.
- Изградба на модерна депонија според највисоки еколошки стандарди со оддел за сепарација на отпад согласно рециклирачкиот потенцијал на отпадот.
- Задолжително сортирање на отпад и поставување на инфраструктура за правилна сепарација на отпадот,

## IV. КОМУНАЛНА ГРИЖА И ЈАВНИ УСЛУГИ

давање на концесија за преработка и обработка на селектиран отпад.

- Воведување на двосменска работно време на комуналното претпријатие, а во централното градско подрачје собирањето на сметот ќе се врши во доцните часови.
- Дислокација на отпадите за одлагање на метали и штетни материјали од градското подрачје.
- Почесто собирање на специјален отпад (медицински отпад, кабаст отпад, електронски отпад, градежен шут) со соодветна најава.
- Поставување на пластикомати на повеќе локации.
- Одржување на јавна хигиена преку секојдневно чистење и миење на улиците.
- Отстранување на дивите депонии кои се наоѓаат во реоните Иванидол, Раштански пат, с. Осој, с. Другово, Стар пат за Гостивар на планината Буковиќ.
- Високи казни за непочитување на локации за фрлање на отпад и креирање на диви депонии.
- Поставување на надзорен систем, во соработка со МВР, за пратење на прекршувачи на законот за јавна чистота.
- Воведување комунална полиција со ингеренции да казнува прекршувачи на законот за јавна чистота.
- Модернизација на возниот парк на комуналното претпријатие со набавка на специјални возила за чистење и миење на улици и собирање на селектиран отпад.
- Изградба на јавни тоалети.
- Хортикултурно уредување на секоја јавна површина во градското подрачје.

# V. ЕКОЛОГИЈА И ЖИВОТНА СРЕДИНА

### 1. Стоп на загадувањето на природата

- Конкретни проекти што ќе го намалат или елиминираат загадувањето на животната средина.
- Општински програми за селективно компостирање и рециклирање.
- Погони за селекција и рециклирање на отпад, примена на „зелени технологии“.
- Поддршка на проекти за намалување на негативните последици од климатските промени.
- Решавање на проблемот со непријатната миризба од градската канализација во летниот период со редовно одржување на канализациската мрежа.
- Решавање на проблемот со складирање на градежен шут со отварање на посебна депонија за одлагање на истиот.
- Зголемена работа на терен од инспекциските служби.

### 2. Еко-активизам

- Акции за чистење на излетничките места и на планинарските патеки во кичевскиот регион.

# V. ЕКОЛОГИЈА И ЖИВОТНА СРЕДИНА

- Чистење на дивите депонии.
- Планско пошумување на кичевскиот регион, со нагласување диво исечените шуми.

## 3. Паркови и зеленило

- Рамномерно оплеменување на запуштените јавни зелени површини во секој дел на градот.
- Редовно наводнување на урбаното зеленило.
- Партерно и хортикултурно уредување на запуштените дворови на колективните станбени згради.
- Возобновување на спортско рекреативниот центар „Крушино“ и поставување на пешачка патека до с.Кнежино.
- Комплетно реновирање на кејот на реката Сушица и пренамена на делот од Домот на АРМ како градски парк и поставување на соодветни реквизити и инфраструктура.

## 4. Зелени политики на локално ниво

- Изработка на експертска студија за главните причинители на загадувањето на водите, почвата и воздухот и стратегија за нивно менаџирање.

## 5. Енергетска ефикасност

- Термоизолациони фасади и ПВЦ прозорци на сите јавни објекти.
- Инсталација на соларни панели на сите јавни објекти во сопственост на општината.
- Инсталација на фото волтаици на сите јавните објекти вклучително и школите и градинките.
- Субвенции за поставување на фотоволтаици.

# VI. ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ (ОБРАЗОВАНИЕ, КУЛТУРА, ТУРИЗАМ И СПОРТ)

## 1. Образование

- Реновирање на училиштата и градинките во Кичево и околните села (кровови, училници, ходници, врати, прозори, санитарни јазли, греењето во училишните згради).
- Забрана за приватно обезбедување.
- Стипендирање на најдобрите ученици и студенти со вклучување на наменски донации од интерес на локалниот економски развој.
- Отворање на лабаратории и испитни центри за природните науки.
- Ваучери за ранец и училишен прибор за секое првачe.

## 2. Култура

- Реновирање на првото училиште на македонски јазик во постфашистичка Македонија, во с. Подвис и пренамена на истото во музеј на НОБ.

# VI. ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ (ОБРАЗОВАНИЕ, КУЛТУРА, ТУРИЗАМ И СПОРТ)

- Враќање или повторно изработување на спомен бистите кои беа поставени на „Кале“ како и на спомен бистите од други места во градското подрачје.
- Реновирање и возобновување на спомен обележјата во градот.
- Поддршка за фолклорот и старите занаети.
- Поддршка на традиционалните културни манифестации.
- Отстапување на јавни површини за оплеменување со графити и уметнички цртежи.
- Возобновување на муралите од НОБ низ градското подрачје.
- Основање на театарска група во состав на Домот на култура „Кочо Рацин“.
- Користење на салата во Домот на култура „Кочо Рацин“ како кино сала.
- Реновирање на запоставените простории на Домот на култура „Кочо Рацин“ и отстапување на користење на училиштата за културно унапредување на младите.
- Опремување на Домот на култура „Кочо Рацин“ со аудио, видео и светлосна технологија за самостојно организирање на настани, претстави, кино проекции и други настани од областа на културата.
- Возобновување и надградување на „Радио Кичево“ кое беше во склоп на Домот на култура „Кочо Рацин“. Набавка на опрема и оспособување за емитување на радио програма.
- Поддршка за традиционалниот Бадников базар.
- Поддршка за извидниците.
- Проширување на програмата на Кичевско лето со:
  (а) Денови на домашни производи, промоција на сопствени производи од кичевскиот регион. Организирање на штандови за продажба и промоција на домашни продукти во текот на летниот период;
  (б) Денови на спорт – организирање на пролетни и летни турнири во мал-фудбал и кошарка во салата Јанчица;
  (в) Организирање на фестивал(и) на „Кале“ и поединечни музички и културни манифестации со цел искористување на комплетниот потенцијал на калето и збогатување на културниот живот на граѓаните и
  (г) Организирање на фестивал во спортско рекреативниот центар „Крушино“ како одлична локација надвор од населените места.
- Имплементација на лицата со попреченост и ретки болести во културната дејност.

## 3. Туризам

- Иинтензивен развој и субвенционирање на алтернативниот туризам (планински, манастирски, рурален/селски, екстремни спортови) и отварање на локални пазарчиња за промоција на македонската гастрономија.
- Формирање на планинарско водечко друштво со регистрирани водачи за планинарски тури во Кичево и околината.
- Соработка со ловечките друштва со можност за организирање на ловечки туристички тури за странци во текот на ловната сезона.

# VI. ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ (ОБРАЗОВАНИЕ, КУЛТУРА, ТУРИЗАМ И СПОРТ)

- Поставување на Кичевскиот регион на мапата на светските планинарски друштва.
- Развој на услови за планински кампинг, велосипедски и хајкинг туризам.
- Туристичка промоција низ печатени материјали, табли на влезовите, мултимедијални производи и медиумска промоција.
- Официјален туристички промотор и изработка на апликација во App store со информации за сите патеки за пешачење и велосипедизам, ГПС записи и сместувачки капацитети.

## 4. Спорт и рекреација

- Поддршка на локалниот спорт, спортските сојузи и клубови во различни форми преку изградба и одржување на постоечката спортска инфраструктура.
- Организирање маалски лиги во разни спортови, со наградни фондови поддржани од општинскиот буџет.
- Промовирање на современи спортови.
- Довршување на базенот во с. Другово и довршување на проектот за повеќенаменски игралишта во склоп на базенот.
- Довршување на проектот за повеќенаменски игралишта во с. Другово, над поштата.
- Реновирање на игралиштата во склоп на Домот на АРМ.
- Реновирање на Градскиот стадион и вложување во модернизација на стадионите во цел кичевски регион.
- Возобновување на автодромот и тркачката патека во склоп на касарната.
- Изградба на оф-роад патека за крос моторцикли и ендуро кватрцикли во склоп на автодромот.
- Организирање на редовни настани-трки за аматери и професионалци на автодромот.

## 5. Детски игралишта

- Реконструкција и уредување на сите детски игралишта со повеќе различни елементи за забава за најмладите.
- Овозможување на пристапност до детските игралиште на децата со хендикеп со поставување на соодветни помошни реквизити.
- Изградба на нови, реконструкција и уредување на детски игралишта во градската но и во руралните средини.



# VII. МЕЃУГЕНЕРАЦИСКА СОЛИДАРНОСТ

## 1. Детска заштита

- Отворање нови градинки и зголемување на капацитетот на постојните.
- Вработување на поголем број стручен кадар во градинките.

## 2. Заштита на стари и изнемоштени лица

- Проширување на капацитетите на пензионерскиот дом наменет за домување на стари лица и негување на изнемоштени лица.

# VIII. СОЦИЈАЛНА ГРИЖА И ЈАВНО ЗДРАВЈЕ

## 1. Помош за социјално ранливите категории граѓани

- Отворање на народната кујна.
- Воведување интервентен фонд за социјално загрозени семејства.
- Поддршка за самохрани родители.
- Воведување на програми за превенција на насилство, вклучувајќи семејно насилство, насилство врз деца и поддршка за жртвите.
- Ревизија на начинот на доделување на социјалните станови.
- Бесплатно членување во спортски клубови на децата од социјално ранливите групи.
- Стипендии за студии во полн износ за ученици кои го завршиле средното образование со одличен успех и се од лица од социјално загрозени семејства како и лица/родители со попреченост.
- Еднократна годишна парична помош на лица од социјално загрозени семејства како и лица со попреченост.
- Обезбедување на средства и олеснителни околности за бранителите од реонот на Кичево.
- Поддршка за бранителите од конфликтот во 2001 година со еднократна годишна парична помош и ваучери за користење на организиран зимски, летен или бањски одмор.

## 2. Општествена грижа за лицата со попреченост

- Осовременување на дневниот центар за лица со посебни потреби во склоп на градинката „Цветови".
- Имплементирање во целост на проектот „Личен асистент за лицата со попреченост".
- Програми за вработување и самовработување на лицата со попреченост.
- Вертикална и хоризонтална сигналзација во сообраќајот за лица со оштетен вид и слух.
- Враќање на превозот за децата со посебни потреби кои се згрижуваат во дневен престој во градинката „Цветови".

# VIII. СОЦИЈАЛНА ГРИЖА И ЈАВНО ЗДРАВЈЕ

## 3. Пристап до јавните објекти за инвалидните лица



- Градежно прилагодување на влезовите на јавните згради за непречен пристап за инвалидни лица.
- Целосна пристапност на сите главни улици за луѓе со инвалидски колички (симнување од тротоар на улица, скали, пешачки премини), како и слободен пристап во секоја јавна установа, банки, здраствени домови, училишта, спортски сали, библиотеки, паркови, јавниот превоз.

## 4. Јавно здравје

- Зголемување на бројот на дежурни аптеки во ноќните часови.
- Воведување на подвижни амбуланти за потребите на жителите од руралните средини.

# IX. ИНСТИТУЦИОНАЛНА СОРАБОТКА И ЈАВНА БЕЗБЕДНОСТ

## 1. Меѓуопштинска соработка и партнерски однос со невладините организации

- Соработка со ЗЕЛС и со соседните општини.
- Соработка со граѓански здруженија и користење на експертска помош од граѓанските здруженија за областа во која тие дејствуваат.

## 2. Преземање сет мерки за заштита и спасување на граѓаните

- Осовременување на возниот парк на територијалната Противпожарна служба.
- Поставување хидранти до капиталните градски објекти со цел нивна ефикасна заштита.
- Поголема контрола на планинските предели во текот на ловната сезона во соработка со МВР и ловните друштва со цел заштита на населението.

# IX. ИНСТИТУЦИОНАЛНА СОРАБОТКА И ЈАВНА БЕЗБЕДНОСТ

### 3. Стоп на нехуманиот третман на бездомните животни

- Подигање на свеста за хуман однос кон бездомните животни.
- Возобнова на стариот објект од ветеринарната станица (Марвена) и основање на современо јавно претпријатие за заловување, стерилизација и вакцинирање на бездомни животни.
- Примена на законот за задолжително регистрирање на домашни миленици и строга контрола на сопствениците. Воспоставување на т.н.Миленичка полиција.
- Строги казни за напуштање на миленик.
- Воспоставување на пракса за вдомување на бездомни животни со доделување бенефиции за вдомувачот и покривање на дел од ветеринарните трошоци за вдомениот миленик.

# X. КОНТРОЛА И НАДЗОР НАД ЈАВНИОТ ИНТЕРЕС

### 1. Стоп на корупцијата

- Нулта толеранција кон изигрувањето на законите и злоупотребата на моќта и надлежностите на општинските функционери, особено при: располагањето со општинските пари, склучувањето на договори за јавни набавки, промената на генералниот и деталните урбанистички планови.

### 2. Персонално екипирање на општинските инспекции

- Комплетно доекипирање на инспекциските служби со цел зголемување на нивната ефикасност.
- Обуки за надоградување на вештините и знаењата на локалните инспектори.
- Санкционирање на инспекторите заради неизвршување на нивните теренски надлежности.
- Редовни извештаи од страна на инспекторите кои ќе бидат јавно достапни.

### 3. Спокојно урбано живеење

- Ослободување на узурпираните тротоари и јавни површини од нелегално поставените тенди, маси и столчиња на околните кафулиња.
- Заштита од ноќна бучава и нарушување на спокојот на соседството од гласна музика од локалите, кафулињата и ресторантите.
- Заштита на граѓаните од гласни машини, мотори, автомобили во доцните вечерни часови со поголема сообраќајна контрола.
- Регулирање на прекумерната бучава од верски објекти преку ограничување на гласноста која доаѓа од нив.

# ЛЕВИЦА

## ЗА КИЧЕВО

6

# ЛЕВИЦА

## ЗА КИЧЕВО

# 6

levica.mk
@levica_mk
@levica_partija
PartijaLevica
@levica.mk
@levica_partija